РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-174/6
21.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 1. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 14.1.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Петар Џуровски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски (годишен одмор).

**Отсутен:** д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, го заменуваше директорот на Агенцијата врз основа на овластување бр. 03-5648/1 од 29.12.2025 година.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, м-р Горјан Шеќеринов, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 1. седница на Советот. Седницата почна во 13:40 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Воедно, тој им ја честиташе Новата 2026 година на сите членови на Советот и на вработените во стручната служба на Агенцијата, со желби за успешна и продуктивна работа.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2025 година.
2. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово.
3. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД „Радио ВАТ“ ДОО Скопје.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД „Модеа“ ДООЕЛ Свети Николе за прекршување на член 53 ставови 4 и 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.12.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, ја образложи Предлог-одлуката за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово. Таа појасни дека радиодифузерот поседува дозвола за радио емитување преку терестријален предавател на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, за програмски сервис – говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик. Важноста на дозволата е девет години, односно заклучно со 16 јануари 2026 година. На 9 јануари радиодифузерот поднел барање за продолжување на дозволата за радиоемитување, на соодветниот образец објавен на веб-страницата на Агенцијата. При разгледување на поднесеното барање било утврдено дека истото е уредно и целосно и ги содржи сите пропишани прилози. Меѓу доставените прилози се: нотарски заверена изјава од управителот дека на радиодифузерот не му е изречена мерка на безбедност – забрана за вршење дејност; изјава од единствениот основач и управител дека „Радио Јехона“ ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри утврдени од Агенцијата за електронски комуникации и прописите донесени врз основа на Законот за електронски комуникации, дека ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно со соодветниот правилник на Агенцијата; дека не ги прекршува одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; како и изјава дека податоците наведени во барањето се точни, а доставените прилози се веродостојни и полноважни. Од страна на Агенцијата било утврдено дека барателот „Радио Јехона“ ги исполнува сите услови утврдени со Законот и дека во текот на важноста на дозволата не сторил сериозни прекршувања. Како сериозни прекршувања, кои претставуваат основ за одбивање на барањето, се сметаат: непочитување на посебните забрани од член 48 од Законот, најмалку три пати за време на важноста на дозволата, за што постојат правосилни судски пресуди, или доколку во текот на најмалку еден изборен циклус медиумското покривање не било реализирано на правичен, избалансиран и непристрасен начин, за што исто така постојат правосилни судски пресуди. Со оглед на тоа што барањето е уредно и се исполнети законските услови, се предлага да се донесе одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ

Куманово. Донесената одлука ќе биде објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и ќе биде доставена до радиодифузерот.

Претседателот Стефановски додаде дека новата дозвола за радиоемитување на „Радио Јехона“ согласно Законот ќе биде за период од 9 години.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово, Уп1 бр.08-58 од 14.02.2017 г., за време од 9 (девет) години, за период од 17.1.2026 г. до 16.1.2035 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе му издаде нова дозвола на Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово, согласно точка број 1 од овој Заклучок.

Трговското радиодифузно друштво „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово, за периодот за кој се продолжува дозволата, има обврска да работи во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, прописите донесени врз основа на истите, како и во согласност со условите утврдени во дозволата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб-страницата на Агенцијата.

Претседателот Стефановски, по спроведеното гласање, упати честитки до „Радио Јехона“ од Куманово по повод добивањето на новата дозвола и им посака успешни и мирни радиобранови во наредните девет години.

**Точка 3**

Раководителката м-р Драгица Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД „Радио ВАТ“ ДОО Скопје. Таа појасни дека радиодифузерот доставил до Агенцијата известување за промена на сопственичката структура, при што е побарана согласност за истапување на постојните сопственици и за пристапување на правното лице Исламската верска заедница како нов сопственик. Според податоците од Регистарот на вистински сопственици што го води Централниот регистар, вистински сопственик на Исламската верска заедница, со својство на овластено лице, е физичкото лице Шаќир Фетаи. Со цел да се утврди дали со предложената промена на сопственичката структура на „Радио ВАТ“ би се создала недозволена медиумска концентрација, Агенцијата обезбеди податоци од интернет-дистрибутивниот систем на Централниот регистар. Од добиените податоци произлегува дека правното лице Исламската верска заедница се јавува како основач – сопственик на четири други правни лица, додека за неговото учество во уште две правни лица нема податок во Централниот регистар. Дополнително, Агенцијата обезбеди тековна состојба за физичкото лице и вистински сопственик Шаќир Фетаи, од која може да се констатира дека тој се јавува како вистински сопственик на Исламската верска заедница, Друштвото за погребални услуги „Ер-Рахату“ ДООЕЛ Скопје и Факултетот за исламски науки – Скопје. Врз основа на извршената анализа, беше утврдено дека со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво „Радио ВАТ“ ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), односно дека

промената не е спротивна на забраните утврдени во членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот. Поради тоа, се предлага да се прифати поднесениот предлог и да се донесе одлука со која се дозволува промена на сопственичката структура на „Радио ВАТ“, како и истата да се објави на веб-страницата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво „Радио ИО ВАТ“ ДОО Скопје, со текст како што беше предложена Одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво „Радио ВАТ“ ДОО Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗААВМУ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот да ја објави Одлуката на веб-страницата на Агенцијата.

Претседателот Стефановски, по спроведеното гласање, им честиташе на новите сопственици и им посака успех во нивното понатамошно работење.

**Точка 4**

Раководителката м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД „Модеа“ ДООЕЛ Свети Николе, поради прекршување на член 53 ставови 4 и 5, во врска со член 53 ставови 6 и 19 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Таа појасни дека на програмата на РА „Модеа“ бил извршен редовен надзор на програмата емитувана на 3 декември 2025 година, при што било констатирано дека во повеќе наврати била емитувана аудиокомерцијална комуникација во која лажно биле прикажани природата и карактеристиките на рекламираната услуга, а истовремено било поттикнато однесување штетно за здравјето. Поконкретно, била емитувана реклама со тврдења за лекување бактерии, цисти, ноќно мокрење, камен во бубрег, анксиозност, трауми, шилци, спондилоза, канцер, бронхит, дијабетес, како и за решавање брачни недоразбирања и депресија. Со оглед на утврденото прекршување, се предлага да се изрече мерка јавна опомена и на радиодифузерот да му се наложи веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот. Љубевска информираше дека во писменото изјаснување доставено до Агенцијата, радиото навело дека спорната реклама била отстранета од програмата веднаш по добивањето на писмениот извештај. Наведе дека Секторот за програмски работи, по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, ќе изврши контролен надзор со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил согласно изречената мерка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-5538/1 од 23.12.2025 година и едногласно заклучи на ТРД „Модеа“ ДООЕЛ Свети Николе да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 ставови 4 и 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од ЗААВМУ, затоа што на 3 декември 2025 година во четири рекламни блока беше емитувана аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

Во согласност со точката 12 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, му се наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово, поради прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Таа појасни дека на програмата на „Радио Јехона“, емитувана на 3 декември 2025 година, бил спроведен редовен надзор, при што било констатирано дека радиодифузерот не ги обезбедил информациите што задолжително треба да им бидат достапни на корисниците, и тоа: полното име на давателот на аудиомедиумската услуга, адресата на седиштето на давателот на аудиомедиумската услуга, податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронска пошта и/или веб-страница, како и одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт), како и податоци за надлежното регулаторно тело. Поради утврдената состојба, се предлага да се изрече мерка јавна опомена и на радиодифузерот да му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот. По истекот на овој рок ќе биде спроведен контролен надзор. Љубевска информираше дека во доставените материјали е вклучено и известување од „Радио Јехона“, во кое се наведува дека станува збор за ненамерен технички пропуст, како и уверување дека во иднина ќе бидат преземени сите неопходни мерки за да не дојде до повторување на истото.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-5511/1 од 23.12.2025 година и едногласно заклучи на ТРД „Радио Јехона“ ФМ ДООЕЛ Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 3 декември 2025 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Советничката Гордана Мајнова, во контекст на донесувањето на Законот за заштита од пушење, информираше дека била контактирана од Министерството за здравство, при што ѝ било соопштено дека е испратено барање за мислење до Министерството за дигитална трансформација. Таа праша дали е потребно истовремено да се испрати барање за мислење и до АВМУ или, пак, Министерството за дигитална трансформација ќе достави допис до АВМУ со барање за мислење во врска со Законот.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска појасни дека одредбите поврзани со забраните за рекламирање цигари во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги произлегуваат од една европска директива, додека Законот за заштита од пушење во моментов се усогласува со друга европска директива. Таа истакна дека не е нужно АВМУ да дава мислење, но доколку се побара, тоа вообичаено би било направено преку надлежното министерство, а не со директно обраќање до Агенцијата.

Советничката Мајнова дополнително наведе дека во Предлог-законот за заштита од пушење Агенцијата е наведена како орган надлежен за вршење надзор над имплементацијата на одредени законски одредби. Таа информираше и дека Министерството за здравство предложило одржување состанок со Агенцијата во наредните денови, имајќи предвид дека АВМУ е вклучена во Законот како надлежно тело за мониторинг на неговата примена.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, истакна дека, доколку на Агенцијата ѝ биде доделена таква улога, со сигурност ќе биде побарано официјално мислење од АВМУ. Таа појасни дека до овој момент до Агенцијата не е доставен официјален допис, но дека членовите на Советот ќе бидат навремено информирани кога истиот ќе пристигне.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**